**20081382728**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 93 став (2) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008) Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување, на седницата одржана на 20.10.2008 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПОЈУВАЊЕ ИЛИ ПРИСОЕДИНУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ШЕМИ

## I. Општа одредба

Член 1

Со овој правилник поблиску се пропишува начинот на спојување на професионални пензиски шеми во случај на спојување на два или повеќе осигурители и начинот на присоединување на професионални пензиски шеми во случај на присоединување на еден или повеќе осигурители кон друг осигурител.

## II. Спојување на професионални пензиски шеми

Член 2

(1) Со спојување на два или повеќе осигурители, се спојуваат и нивните професионални пензиски шеми, без претходно да се побара дозвола од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натомошниот текст: Агенцијата). Правното лице кое настанало како резултат на спојувањето на два или повеќе осигурители е нов осигурител.

(2) По спојувањето на осигурителите новиот осигурител организира единствена професионална пензиска шема за своите вработени или членови.

(3) Новиот осигурител одлучува кое друштво ќе управува со новата професионална пензиска шема. Изборот треба да биде во согласност со член 90 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Новиот осигурител може да го избере доброволниот пензиски фонд во кој била вклучена професионалната пензиската шема или да избере друг доброволен пензиски фонд и соодветно друштво за управување со доброволни пензиски фондови или друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст друштво).

(4) Доколку новиот осигурител одбрал друг доброволен пензиски фонд во кој ќе биде вклучена професионалната пензиска шема, потпишува договор со друштвото кое управува со избраниот доброволен пензиски фонд.

(5) Новиот осигурител согласно член 93 став 1 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување во рок од 180 дена од датумот на спојувањето треба да организира единствена професионална пензиска шема за своите вработени или членови.

Член 3

Во рок од 30 дена пред спојувањето претходните осигурители, треба да ги известат сите членови на претходната професионална пензиска шема за одлуката за спојување на претходните осигурители и спојување на претходните професионални пензиски шеми.

Член 4

(1) По спојувањето, новиот осигурител во рок од 30 дена од организирањето на новата професионална пензиска шема писмено ги известува сите учесници на претходните професионални пензиски шеми. Известувањето особено содржи:

а) информација за постапката на спојување;

б) називи на претходните осигурители и назив на новиот осигурител;

в) имиња на споените професионални пензиски шеми и предлогот за името на новата професионална пензиска шема;

г) датумот на спојување на претходните професионални пензиски шеми и создавањето на нова професионална пензиска шема;

д) изјава со која се потврдува дека спојувањето на професионалните пензиски шеми нема да има неповолни ефекти врз постојните членови;

ѓ) податоци за придонесите кои ќе ги уплаќа новиот осигурител во интерес на членовите без оглед дали висината на придонесот е сменета;

е) услови за квалификуваност во новата професионална пензиска шема без оглед дали овие услови се променети од претходната професионална пензиска шема или не;

ж) податоци за контакт на новиот осигурител (телефони,меил адреса ) за сите прашања од интерес на членовите;

з) информации кои се однесуваат за пренос на сметката и сметководствената единица на членот; и

ѕ) информација во која се наведени правилата на новата професионална пензиска шема доколку се изменети.

(2) По исклучок од став 1 точка ѕ) од овој член за учесниците за кои правилата остануваат непроменети, известувањето не ги содржи правилата на новата професионална пензиска шема.

Член 5

(1) Доколку промената на професионалната пензиска шема предизвика промена на доброволниот пензиски фонд за членовите на претходната шема, новиот осигурител до овие членови доставува образец за изјава за согласност за учествување во професионална пензиска шема заедно со известувањето од член 3 од овој правилник.

(2) Изјавата за согласност за учество во професионална пензиска шема содржи текст: дека од наведниот датум, членот нема да може да членува во претходната професионална пензиска шема или во новата професионална пензиска шема доколу не достави изјава за согласност за учество во единствената професионална пензиска шема.

Член 6

(1) Во рок од еден месец од доставување на известувањето од член 5 од овој правилник, осигурителот доставува примерок од потпишаната изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема до друштвото.

(2) На лицето кое уредно ја доставило изјавата од став 1 на овој член, му се издава нова потврда за членство.

Член 7

Новиот осигурител ќе ги извести друштвата за спојувањето на претходните осигурители во рок од 30 дена од датумот на спојувањето.

## III. Присоединување на професионални пензиски шеми

Член 8

(1) Со присоединување на еден или повеќе осигурители кон друг осигурител, се присоединуваат или спојуваат и нивните професионални пензиски шеми, без претходно да се побара дозвола од Агенцијата.

(2) Осигурителот кон кој се присоединиле другите осигурители (во натамошниот текст:осигурител што презема) слободно одлучува за структурата на пензиската шема и може да користи една од предходните професионални пензиски шеми или да организира нова професионална пензиска шема.

(3) Доколку осигурителот што презема одлучи да ги спои професионалните пензиски шеми и да организира нова професионална пензиска шема соодветно се применуваат одредбите од дел II од овој правилник .

(4) Осигурителот што презема одлучува кое друштво ќе управува со новата професионална пензиска шема. Изборот треба да биде во согласност со член 90 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување. Осигурителот што презема може да го избере доброволниот пензиски фонд кој ја организирал професионалната пензиската шема или да избере друг доброволен пензиски фонд и соодветно друштво.

(5) Доколку осигурителот што презема одбрал друг доброволен пензиски фонд во кој ќе биде вклучена професионалната пензиска шема, потпишува договор со друштвото кое управува со избраниот доброволен пензиски фонд.

(6) Осигурителот што презема согласно член 93 став 1 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување во рок од 180 дена од присоединувањето треба да организира единствена професионална пензиска шема.

Член 9

Во рок од 30 дена пред присоединувањето на претходните осигурители, осигурителот што презема треба да ги извести сите членови на претходните професионални пензиски шеми за одлуката за присоединување на претходните осигурители и присоединување на претходните професионални пензиски шеми.

Член 10

(1) По присоединувањето, осигурител што презема во рок од 30 дена од организирањето на единствената професионална пензиска шема писмено ги известува сите учесници на претходните професионални пензиски шеми. Известувањето особено содржи:

а) информација за постапката на присоединување;

б) имиња на присоединетите професионални пензиски шеми;

в) датумот на присоединување на претходните професионални пензиски шеми;

г) изјава со која се потврдува дека присоединувањето на професионалните пензиски шеми нема да има неповолни ефекти врз постојните членови;

д) податоци за придонесите кои ќе ги уплаќа осигурителот што презема во интерес на членовите треба без оглед дали висината на придонесот е сменета;

ѓ) податоци за контакт на осигурителот што презема, (телефон,меил адреса) за сите прашања од интерес на членовите;

е) информации кои се однесуваат за пренос на сметката и сметководствената единица на членот; и

ж) информација во која се наведени правилата на новата професионална пензиска шема доколку се изменети.

(2) По исклучок од став 1 точка ѕ) од овој член, известувањето не ги содржи правилата на новата професионална пензиска шема за членовите за кои правилата остануваат непроменети.

Член 11

(1) Доколку промената на професионалната пензиска шема предизвикува промена на доброволниот пензиски фонд за членови на претходните професионални пензиски шеми, осигурителот кој презема до овие членови доставува образец на изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема заедно со известувањето од член 9 од овој правилник.

(2) Изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема содржи текст: дека од наведниот датум, членот нема да може да членува во претходната професионална пензиска шема доколу не  достави изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема организирана од осигурителот што презема.

Член 12

(1) Во рок од еден месец од доставување на известувањето од член 9 од овој правилник, осигурителот кој презема доставува примерок од потпишаната изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема до друштвото.

(2) На лицето кое уредно ја доставило изјавата од став 1 на овој член му се издава нова потврда за членство.

Член 13

Осигурителот кој презема ќе ги извести друштвата кои управуваат со доброволниот пензиски фонд а се однесуваат на претходните професионални пензиски шеми, за присоединување на осигурителите во рок од 30 дена од датумот на присоединувањето.

Член 14

(1) Преминот на членови и пренос на средства од еден пензиски фонд во друг како резултат на спојување или присоединување ќе се врши во согласност со Правилникот за начинот и времето на пренос на средствата.

(2) При промена на доброволен пензики фонд во случај на спојување на професионалните пензиски шеми и при присоединување на професионалните пензиски шеми и промена на доброволен пензиски фонд, за учесниците кои го смениле осигурителот, односно членството во професионалната пензиска шема која се присоединува кон друга, надоместокот за пренос на средства од една на друга професионална сметка не се наплатува.

## IV. Завршна одредба

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.01-1558/9<br>
20 октомври 2008 година<br>
Скопје

Претседател<br>
на Управниот одбор,<br>
**Анета Димовска**, с.р.